*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

| | |
|---|---|
| Архивски број: | 02-460/1 |
| Дата: | 22.05.2024 година |

Врз основа на член 21 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери – пречистен текст бр.01-381 од 21.03.2018 година, во согласност со член 3, став 1, точка 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/2019), Претседателот на Комората на 22.05.2024 година донесе

# РЕШЕНИЕ

за определување на службено лице за посредување со информации од јавен карактер

I. Административниот службеник Александар Манчевски - на работното место - Генерален секретар, се определува за службено лице за посредување со информации од јавен карактер.

II. Службеното лице е должно да ја води и комплетира постапката попримените барања за пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што:

- контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чување и давање на информациите;
- во соработка со останатите вработени спроведува тест на штетност како задолжителна постапка пред да одбие пристап до барана информација, согласно член 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата или со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата;
- носи решене за отфрлање на барање кое не е дополнето согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и
- носи решение со кое позитивно одговара на барањето или барањето делумно или целосно го одбива, согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

III. Службеното лице е должно редовно да ја води и ажурира листата на информации со кои располага имателот на информации и истата да ја објави на соодветен начин, достапен на јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

IV. Службеното лице подготвува Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот задолжително го доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година и превзема неопходни дејствија за објавување на истиот на веб страницата на Комората на овластени архитекти и овластени инженери www.komoraoai.mk.

V. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Комората,
М-р Кристинка Чулак

**Доставено до:**

- Именуваното лице,
- Архивата на Комората и
- Персоналното досие.

Подготвил: АМ